**Министерство за образование и наука**
**Биро за развој на образованието**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
Бр. 08-1321/1
23.8.2018 год.
Скопје

**До**
**ООУ „______________________________________"**

Биро за развој а образованието

ул „Руѓер Бошковиќ" 20
1000 Скопје
Република Македонија
тел. ++389 2 3064 131
факс ++389 2 3061 057
е-пошта
bro.macedonia@bro.gov.mk
www. bro.gov.mk

**Предмет: Известување**

**Почитувани,**

Ве известуваме дека во јануари 2018 година по налог на Министерот за образование и наука, а под кооординација на Директорот на Бирото за развој на образованието се формира **Стручен тим за унапредување на граѓанското образование во основното и средното образование** за унапредување на граѓанските компетенции на учениците согласно препораките на Европската комисија. Стручниот тим е составен од претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, Центарот за стручно образование и обука, наставници кои реализираат настава по предметот Граѓанско образование, универзитетски професори и претставници на граѓанскиот сектор.

Стручниот тим изготви **документ за граѓански компетенции** од кој произлезе да се промени наставната програма по предметот Граѓанско образование за VIII и IX одделение. Новата наставната програма за VIII одделение започнува да се применува од 3-ти септември 2018 година и може да ја преземете од веб страницата на Бирото за развој на образованието. (www.bro.gov.mk)

Наставната програма по граѓанско образование е изготвена со јасно определени резултати од учење. Граѓанското образование во Република Македонија се насочува кон развој на компетенциите кои се однесуваат на сѐ она што се очекува учениците да знаат, разбираат или умеат да прават, како и да прифаќаат систем на вредности потребни за функционирање како демократски и активни граѓани.

Новата наставна програма по предметот Граѓанско образование за VIII одделение е конципирана во шест развојни наставни теми кои ќе продолжат да се изучуваат и во IX оделение, а тоа се: Граѓански идентитет – претстава за себе како граѓанин; Соработка и поврзаност во граѓанското општество; Граѓанинот и општеството; Религијата, уметноста и медиумите во граѓанското општество; Граѓанинот и државата и Граѓанинот и светот.

Методите што ќе се користат во наставата по Граѓанско образование имаат за цел да придонесат за развојот на личноста и те-

мелните човекови вредности, индивидуалната слобода, интегритетот, достоинството и еднаквите права, и за создавање услови за јакнење на чувството на праведност, толеранција и одговорност, како и за подготовка на учениците за одговорен живот во демократско граѓанско општество.

Бидејќи за учебната 2018/2019 година нема да може да се изготви учебник, стручниот тим за унапредување на граѓанското образование ќе изготви **Брошура за Граѓанско образование за VIII одделение со обработени сите содржини од наставната програма, за сите ученици од VIII одделение и истата дополнително ќе Ви ја доставиме во секое училиште.**

**Предвидени се обуки за сите наставниците кои реализираат настава по предметот Граѓанско образование, а истите ќе се реализираат во текот на октомври 2018 година.** Во меѓувреме на веб страницата на Бирото ќе се ажуриираат сите потребни материјали, содржини, предлог-планирања за наставниците реализирање за целите и очекуваните резултати од програмата во месец септември.
Во самиот процес ќе се изготви Концепција за граѓанско образование која ќе претставува сеопфатен документ кој ќе ја подобри наставата по предметот граѓанско образование но и ќе ги зајакне училиштата во создавање на активни и вклучени граѓани.

Концепцијата за граѓанско образование ќе опфати листа на граѓански компетенции, нови наставни програми за предметот по Граѓанско образование за основно и средно образование и меѓупредметно, вонннаставно и изборно изучување.

На долг рок процесот за унапредување на наставата по граѓанско образование ќе биде пример за квалитетни реформи базирани на истражувања, анализа и системска промена која ќе изгради безбедни и интегрирани училишта во кои учениците слободно и одговорно ќе ја практикуваат граѓанска култура.

Носители на процесот се Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Македонскиот центар за граѓанско образование, а е поддржан од Проектот на УСАИД за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) и проектот Јакнење на мултиетничката соработка во општините, поддржан од Детската фондација Песталоци.

**Со почит,**

**в. д. Директор**

**Зекирија Хасипи**

изготвил: м-р Оливер Станојоски, советник
одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор